Согласно Програмата за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид и Програмата за поддршка на локалниот економски развој на општина Охрид за 2023 година, Општина Охрид објавува:

**ЈАВЕН ПОВИК**
**ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТИ ОД ОБЛАСТА НА ОДРЖЛИВИОТ ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ И ТУРИЗМОТ ЗА 2023 година**

Кандидати кои можат да аплицираат се здруженија на граѓани, месни и урбани заедници со седиште во општина Охрид како матична општина каде и ќе се спроведуваат проектните активности.

1. **Начини на пријавување и процедури коишто треба да се следат**

Заинтересираните мора да ги поднесат своите предлози користејќи го формуларот за пријавување којшто е достапен на http://www.ohrid.gov.mk
Комплетната проектна документација треба да ги содржи следниве документи:

- Пополнет "Апликационен формулар со буџет" – кој е објавен на веб страната на општина Охрид www.ohrid.gov.mk
- Копија од тековна состојба на правниот субјект од Централен регистар
- Референтна листа со опис на реализираните проекти во последните две години,
- Доколку апликантот има партнер во проектот, во прилог на документацијата треба да достави и меморандум за соработка или договор за соработка (партнерство) и сл и
- Проектната документација треба да биде доставена во еден (1) примерок во оригинал и две (2) копии како и електронска верзија на проектниот предлог доставена на CD.

Крајниот рок за прием на пријавите е **31.03.2023 година до 14:30 часот.** Пријавите кои ќе пристигнат по завршувањето на крајниот рок ќе бидат автоматски одбиени.

Целосната документација да се достави на следната адреса:

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Сектор за туризам и ЛЕР**
**ул. Димитар Влахов бр. 57**
**6000 Охрид**
**со назнака:**
**"ЈАВЕН ПОВИК" –**
**ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТИ ОД ОБЛАСТА НА ОДРЖЛИВИОТ ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ И ТУРИЗМОТ ЗА 2023 година.**

Подетални информации за условите за аплицирање се дадени во **Упатството за аплицирање на проекти за Г1 и Г2 Програма**. Пред да го пополните Апликационит формулар Ве молиме внимателно да го прочитате Упатството бидејќи апликационите формулари **кои не ги содржат сите потребни податоци и кои не се во согласност со условите, нема да бидат земени за оценување.**

**Напомена:** Правото за аплицирање месните и урбаните заедници ќе можат да го остварат преку заедничка соработка со здруженија на граѓани изразена преку меморандум или договор за соработка на проект.
Барањето за користење на средства од оваа програма и доставената документација НЕ СЕ ВРАЌААТ. Заради извршувањето на контролата на терен од страна на Комисијата на Секторот за туризам и ЛЕР, потребно е барателот да има кај себе копија од целокупната документација доставена на јавниот повик.

Одобрил: М-р Ѓоко Апостолов

**Општина Охрид**
**Градоначалник**

**Кирил Пецаков**